Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-570/3
Датум: 25-10-2024

По претставката бр. 08 – 570/1 од 21.08.2024 година, поднесена од [redacted] против правното лице [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
## За офрлање на претставката поради неуредност

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 570/1 од 21.08.2024 година, поднесена од [redacted] против правното лице [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

### Образложение

На 21.08.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на [redacted] против правното лице [redacted]

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот (име и презиме и адреса), податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), **околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот)**, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не содржеше опис на фактичката состојба, односно текстуална содржина во однос на дејствијата на дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 22.08.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот на адресата наведена во претставката.
Видно од поштенската повратница која беше вратена со назнака „непостоечка/недоволна адреса", обидот за достава на Барањето за доуредување на претставката на адресата наведена во претставката беше неуспешен.

**Врз основа на наведеното Комисијата заклучи дека претставката не ги содржи основните елементи за постапување предвидени со член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и дека не постојат услови истата да биде доуредена.**

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 570/1 од 21.08.2024 година поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател
Лимко Бејзароски